Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE
Бр./Nr. 04 – 791/15
25.06.2025

# НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ОХРИД

*НУ Завод и Музеј – Охрид, ул. „Боро Шаин" бр.10, П.Фах 95, 6000 Охрид, Република Северна Македонија, тел.046/262-498; 046/231-300; факс 046/231-302, Музејска зграда Робевци – тел.046/267-173, e-mail: zimohrid@yahoo.com; жиро сметки: буџетска 180100907560319 и сопствена 180100907578716*

Врз основа на чл. 77-е и член чл.77-ж од Законот за културата („Службен весник наРепублика Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011:136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015; 39/2016 и 11/2018), член 11 одПравилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен огласот од НУ Завод и Музеј – Охрид донесен од страна на Управниот Одбор со број 02-218/1 од 24.02.2021 година, врз основа на член 13 став 2 алинеја 5,6, 20 од Статутот на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид (бр. 01-64/1 од 13.01.2016 година) и Предлог на кандидат за вработување по Јавен оглас бр. 02/2025 бр. 04-791/14 од 24.06.2025 година, Директорот на ден 25.06.2025 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

### за избор на кандидати по Јавен оглас бр. 02/2025

По Јавен оглас бр. 02/2025 објавен од страна на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид за вработување на 1 (еден) извршител, давател науслуга на неопределено работно време, на работно место со назив на работно место Стручен соработник во заштитата на археолошкото културно наследство за праисториска археологија и протоисторија, со звање на работно место кустос, со шифра на работно место КУЛ0304Д03002, се избира кандидатот Иван Малезанов.

Изборот на кандидатот е извршен врз основа на Предлог на кандидат за вработување по Јавен оглас бр. 02/2025 бр. 04-791/14 од 24.06.2025 година.Избраниот кандидат ќе заснова работен однос на неопределено време на работно место со назив на работно место Стручен соработник во заштитата на археолошкото културно наследство за праисториска археологија и протоисторија, со звање на работно место кустос, со шифра на работно место КУЛ0304Д03002 во НУ Завод и Музеј - Охрид, сосклучување Договор за вработување, кој ќе се склучи по конечноста на оваа Одлука.

За извршениот избор ќе биде известен избраниот кандидат.

Одлуката за избор ќе биде објавена на веб-страната на НУ Завод и Музеј - Охрид и на огласната табла во установата.

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

### Образложение

НУ Завод и Музеј – Охрид на ден 06.06.2025 година објави Јавен оглас бр. 02/2025 за вработување на неопределено време на 1 (еден) извршител и тоа на работно место со назив

на работно место Стручен соработник  во заштитата на археолошкото културно наследство за праисториска археологија и протоисторија, со звање на работно место кустос, со шифра на работно место КУЛ0304Д03002. Рокот за доставување на пријавите за вработување со потребните документи изнесуваше 15 (петнаесет) дена сметано од денот на неговото објавување во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха" како и на web страната на установата www.muzejohrid.mk.

Со Решение со бр.04-791/6 од 13.06.2025 година беше формирана Комисија запостапка за вработување номинирана од Министерството за култура и туризам соИзвестување за номинирани членови на Комисија за постапка за вработување со број32-6100/2 од 13.06.2025 година.

На ден 24.06.2025 година, Комисијата за постапка за вработување изврши административна селекција на пристигнатите пријави по Јавниот оглас бр. 02/2025 како првафаза од постапката за вработување и за истото до Директорот на установата достави Записник од извршена административна селекција бр. 04-791/10 од 24.06.2025 година.

На ден 24.06.2025 година, Комисијата за постапка за вработување спроведе проверкана веродостојност на доказите и интервју како втора фаза од постапката за вработување и заистотодо Директорот на установата достави Записник од спроведена проверка на веродостојност на доказите и спроведено интервју бр. 04-791/13 од 24.06.2025 година.

На ден 24.06.2025 година, Комисијата за постапка за вработување до Директоротна установата достави Предлог на кандидат за вработување по Јавен оглас бр. 02/2025 бр. 04-791/14од 24.06.2025 година со кој на Директорот му предложи за работното место со назив на работно место Стручен соработник  во заштитата на археолошкото културно наследство за праисториска археологија и протоисторија, со звање на работно место кустос, со шифра на работно место КУЛ0304Д03002, да биде избран кандидатот Иван Малезанов.

Врз основа на сето горенаведено се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управен Одбор на НУ Завод и Музеј - Охрид, во рок од 8 (осум) дена, од приемот на оваа одлука.**

Директор,

м-р Горан Патчев